**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-59/5**
**Скопје,17.04.2025 година.**

Записник од дваесет и четврта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 17.04.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и четвртата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дваесет и четвртата седница на Советот и воедно предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка - Донесување на одлука за распоредување на јавен обвинител, по што дневниот ред треба да гласи:

1. Донесување на одлука за назначување на вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга
2. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
3. Донесување на одлука за распоредување на јавен обвинител
4. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на Основниот јавен обвинител на ОЈО Струга, Стојанчо Арнаудоски на 22.04.2025 година му истекува мандатот како ОЈО на ОЈО Струга. Потенцираше дека на денешната седница недостасуваат тројца членови на Советот, дека нема услови за поинакво постапување освен да се постави вршител на должноста Основен јавен обвинител на ОЈО Струга до избор на ОЈО на ОЈО Струга, за време не подолго од шест месеци, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот на Советот г-дин Ардиан Демири кој кажа дека на денешната седница Советот требал да избере ОЈО на ОЈО Струга. Од причини што недостасуваат тројца члена на Советот, а согласно чл.39 од Законот за СЈО, каде за избор на ОЈО на ОЈО потребно е да има кворум од 2/3 од бројот на членови на Советот и поради тие услови Советот на денешната седница ќе назначи вршител на должност Основен јавен обвинител на ОЈО Струга додека не се создадат услови каде Советот ќе биде во полн состав и ќе може да се избере ОЈО на ОЈО Струга.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека со оглед на фактот дека јавниот обвинител кој се уште ја врши функцијата ОЈО на ОЈО Струга, а истиот нема конкурирано на огласот за избор на ОЈО на ОЈО Струга, а доаѓа од редот на јавните обвинители во ОЈО Охрид од каде е избран да биде ОЈО на ОЈО Струга, не може истиот да биде предложен за вршител на должност ОЈО на ОЈО Струга. Воедно за вршител на должност ОЈО на ОЈО Струга го предложи јавниот обвинител од ОЈО Струга Никола Јолески.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева се согласи со предлогот на колешката Кети Петкова за вршител на должност ОЈО на ОЈО Струга да биде назначен јавниот обвинител од ОЈО Струга Никола Јолески, од причина што двајца од јавните обвинители во тоа јавно обвинителство работат скратени постапки и не ги исполнуваат условите за таа функција.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ го подржа предлогот јавниот обвинител од ОЈО Струга, г-дин Никола Јолески да биде назначен за ВД ОЈО на ОЈО Струга. Кажа дека јавниот обвинител бил на интервју по огласот за избор на шеф на ОЈО Струга, при тоа со него било разговарано за актуелни ситуации во јавното обвинителство и смета дека јавниот обвинител е професионален, одговорен и дека ќе може да одговори на задачите на оваа функција.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го подржа колегата да јавниот обвинител во ОЈО Струга г-дин Никола Јолески ја извршува функцијата ВД ОЈО на ОЈО Струга за да се има континуитет во работењето на ова јавно обвинителство и дека на неговиот колега му завршува мандатот од четири години како ОЈО на ОЈО Струга.

Отткако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предлогот за назначување на ВД ОЈО на ОЈО Струга го стави на гласање.

Едногласно членовите на Советот го прифатија предлогот, по што Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за назначување на вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга од редот на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Струга, така што се избира јавниот обвинител

Никола Јолески до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга за време не подолго од шест месеци.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска истакна дека Советот во ОЈО Кичево има назначено ВД ОЈО на ОЈО Кичево од 15.02.2025 година и смета дека Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека во ова јавно обвинителство нема основен јавен обвинител, дека Советот има назначено ВД ОЈО на ОЈО Кичево и дека законска обврска на Советот е да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот предлогот за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево го стави на гласање.

Едногласно од страна на членовите на Советот предлогот беше усвоен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.**

Под точка три од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради истекот на мандатот на ОЈО на ОЈО Струга, г-дин Стојанчо Арнаудоски, кој за ОЈО на ОЈО Струга е избран од редот на јавните обвинители од ОЈО Охрид, согласно чл.68 ст.6 од ЗЈО, Основниот јавен обвинител кој повторно нема да биде избран се распоредува во Основното јавно обвинителство од кое доаѓа, во случајот тоа е Основното јавно обвинителство Охрид.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за распоредување на јавен обвинител со што јавниот обвинител Стојанчо Арнаудоски се распоредува за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид почнувајќи од 23.04.2025 година.**

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади каде се бара да се номинира член на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство. Кажа дека Советот номинирал член на ова тело и тоа г-ѓа Кети Петкова. Потенцираше дека со овој допис Советот е информиран дека номинираното лице треба да биде од редот на јавните обвинители кое ќе членува во ова тело. Со оглед на тоа Советот ќе треба да номинира нов член. Наведе дека со содржината на дописот била запознаена и колешката Зорица Павловиќ која од оправдани

причини не е присутна на денешната седница и воедно ја предложи за член на ова тело.

Од страна на членовите на Советот едногласно беше прифатен предлогот на претседателот на Советот.

Откако никој не зема збор под точка разно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесет и четвртата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**

Скопје-Shkup